У-5.бр.328/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Јован Трпевски - раководител на одделение, решавајќи по тужбата на тужителот Трговско друштво за производство и трговија „Сара - Колант Вили ДООЕЛ увоз-извоз Скопје преку полномошник Кирил Угриновски адвокат од Тетово, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-34/6 од 14.01.2020 година, од областа на јавните набавки, на седницата одржана на 06.04.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Трговско друштво за производство и трговија „Сара - Колант Вили ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-34/6 од 14.01.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Барањето на полномошник Кирил Угриновски адвокат од Тетово, за надомест на трошоците на постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.08-34/6 од 14.01.2020 година, жалбата на жалителот „САРА-КОЛАНТ ВИЛИ“ ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за поништување на постапка бр.18.1-106812/1 од 25.12.2019 година донесена по Огласот за јавна набавка од мала вредност бр. 14721/2019 за набавка на стоки – постелнина на договорниот орган Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, се одбива како неоснована., а решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава. Сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија.

Незадоволен од наведеното решение тужителот преку полномошник Кирил Угриновски адвокат од Тетово поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека наведува дека договорниот орган донел Одлука за поништување на постапката во која било наведено дека согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки, од причина што не била поднесена ниту една прифатлива понуда со образложение дека при евалуација на понудите на понудувачите и при проверка на техничката понуда Комисијата за јавни набавки

утврдила дека понудите не се во согласност со дефинираните технички карактеристики на предметот на договорот за јавна набавка и барањата од техничката спецификација. Во Известувањето за поништување на постапка доставено до тужителот во образложението било наведено дека Комисијата за јавни набавки извршила евалуација на понудата и при проверка на техничката понуда утврдила дека во описот на техничките карактеристики на понудените стоки немало наведено точни параметри, односно имало наведено параметри за понудените стоки со дозволено отстапување. Исто така во техничката понуда немало наведено производител на понудените стоки. Тужителот истакнува дека не е точна констатацијата дека не е доставена ниедна прифатлива понуда како основ за поништување на постапката, односно во неговата понуда во делот на техничка понуда во колоната предмет на набавка стоел називот на предметот на набавка и точните параметри бр.1 Перници (бели) 50см х 70см и бр.2 Перници (бели) 60см х 80см, додека во описот на техничките карактеристики било наведено и дозволеното отстапување на дозволените должини од плус/минус 1 см што било предвидено и со барањата наведени во тендерската документација. Имајќи предвид дека тужителот е производител на текстилни производи од своето основање до денес во целост ги исполнува условите од тендерската документација и бара од судот, оспореното решение да го поништи.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, спровел постапка за јавна набавка по Огласот за јавна набавка од мала вредност бр. 14721/2019 за набавка на стоки – постелнина, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр18.1-101848/1 од 13.12.2019 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, набавката не била делива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор ќе се користи економски најповолна понуда-цена. Постапката било предвидено да се спроведе во електронска форма и ќе завршела со спроведување на електронска аукција. До крајниот рок за поднесување на понудите 23.12.2019 година до 10:00 часот, пристигнале вкупно 4 (четири) понуди и тоа од економските оператори: 2/7 „ФАМАФЛЕКС“ ДООЕЛ Скопје, „САРА-КОЛАНТ ВИЛИ“ ДООЕЛ Скопје, „ГОЛД ИВА“ ДОО Гостивар и „ДАМЈАН СТИЛИНГ“ ДООЕЛ Штип за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.18.1-105704/1 од 23.12.2019 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, при што утврдила дека не е поднесена ниту една прифатлива понуда. Врз основа на Извештајот од спроведена постапка од 24.12.2019 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог да се донесе одлука за поништување на постапката. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за поништување на постапка бр.18.1-106812/1 од 25.12.2019 година. Незадоволен од донесената Одлука за поништување на постапка бр.18.1-106812/1 од 25.12.2019 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „САРА-КОЛАНТ ВИЛИ“ ДООЕЛ Скопје.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 11 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Незадоволен од ваквото решение, тужителот ја поднел предметната тужба.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласност член 2 точка 11 од Законот за јавните набавки (Сл. весник на РСМ Бр.24/2019), „ Одредени поими употребени во овој закон го имаат следново значење: 11. „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;“. Согласно член 3 од Законот за јавните набавки: „(1) Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.“.

Врз основа на член 81 став 1 од овој закон, договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. (2) Тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, - упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество, - минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, - технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и 8/9 целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, - упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка.

Согласно член 114 од Законот за јавните набавки: „Поништување на постапката (1) Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако: - бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон, - не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда, - настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган, - понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот, - оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци, - добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради

технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или - поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган. (2) Во случај на поништување на постапката за јавна набавка врз основа на ставот (1) алинеја 7 на овој член, договорниот орган не смее да спроведе нова постапка за истиот предмет на набавка во период од една година од денот на донесувањето на одлуката за поништување на постапката. (3) Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката. (4) Договорниот орган објавува известување за поништување на дел или на целата постапка за јавна набавка на ЕСЈН во рок од десет дена од денот на поништувањето на постапката.“.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил жалбата на тужителот како неоснована, а Одлуката за поништување на постапка бр.18.1-106812/1 од 25.12.2019 година донесена по Огласот за јавна набавка од мала вредност бр. 14721/2019 за набавка на стоки – постелнина на договорниот орган Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија утврдил дека е правилна и законита.

Имено, од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека договорниот орган правилно утврдил дека тужителот како економски оператор во својата техничка понуда немал наведено точни параметри во описот на техничките карактеристики на понудените стоки, односно имал наведено параметри за понудените стоки во заграда со дозволено отстапување односно ја имал препишано техничката спецификација објавена со тендерската документација, со прилагодување во трето лице. Во точка II. Техничка понуда од тендерската документација во табелата, во колона 2 каде се барал опис со сите технички карактеристики за 4/7 понудените стоки согласно сите барања од техничката спецификација, а тужителот имал наведено под реден бр.1 - памучна ткаенина 100% памук, тежина 160 гр/м2, под реден бр.2 - полиестерско силиконизирано бело влакно. За понудените материјали тужителот го имал наведено производителот, но го немал наведено производителот на понудените стоки, што било спротивно од барањата со точка II. Техничка понуда алинеја 2 од тендерската документација односно обврска на самиот економски оператор била да го пополни приложениот образец на техничка понуда согласно барањата од техничката спецификација и тендерската документација.

По мислење на суот, договорниот орган правилно утврдил дека тужителот како економски оператор требал да достави информации за потекло и земја на производство на понудените стоки кои треба да одговараат при контрола на стоките при испораката. Во техничката понуда било наведена потребата од детални информации за стоките со опис и карактеристики за секоја ставка согласно барањата од техничката спецификација, според кои ќе се врши евалуација на техничките понуди за исполнетоста на барањата од техничката спецификација, поради што тужбените наводи ека неговата понуда е прифатлива и дека договорниот орган погрешно утврдил неприфатливост се неосновани.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Согласно член 7 б од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови Сл.весник на РМ бр.150/10 во управен спор странките сами ги надоместуваат трошоците кои ги предизвикале со свое дејствие, поради што барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката е неосновано.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 06.04.2020 година под У-5.бр.328/2020.

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на советот - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

СЛ/